Од: **Нова ТВ** октомври 30, 2015-1:17 pm

# „Радио Слободно Скопје“ – личен бунт против репресираната слобода на мислење

SHARE   PIN   TWEET   SHARE



Kingdom of the Netherlands

„Радио Слободно Скопје“ е личен протест на уметникот Ѓорѓе Јовановиќ против медиумските, како што ги нарекува тој, (не)слободи. Во разговор за **Радио Слободна Европа**, Јовановиќ вели идејата ја имал неколку години но не успеал да ја реализира.

IE НА
FACEBOOK

– Идејата ја имав неколку години наназад и после еден неуспешен обид да ја раеализирам надвор од земјава под друго име, кога ја добив поканата од Центарот за современи уметности од Скопје, некако природно ми дојде да пробам повторно да го реализирам овој проект. Инаку, претходно во Канал 103 со некои мои колеги, неколку години, ја работевме емисијата „Свирачиња“ така што можре да се каже дека имам одредено искуство со овој медиум. Од друга страна загрижен сум, не само како и луѓето од медиумите туку и воопшто како граѓанин за медиумските слободи кај нас во Македонија. Така што тоа беа некои појдовни точки за да се определам да го работам проектот, вели тој.

„Радио Слободно Скопје“, е шестдневен радио зафат (стриминг-интернет радио) кое се реализира од 27 октомври, во Мобилно/Монтажна галерија која за оваа пригода е трансформирана во објект-радио приемник, а нејзината внатрешност е претворена во студио од кое ќе се емитува програма со различни содржини од кои дури цели 20 часа се продуцирани специјално за оваа пригода.

– Радиото е мој личен протест кон медиумските слободи во Македонија. Имам чувство дека живееме во време кога слободата на мислење е се повеќе репресирана. Од друга страна просторот за култура што постои во електронските и во пишаните медиуми е се помал и помал. Познавам доста новинари и мислам дека голем дел од нив го делат ова мое мислење. Така што, на крај, ова е некој мој скромен обид да допринесам кон актуелизирање на овие теми, на овие проблеми во нашето општество кои секако и регионално се многу актуелни, дополнува Јовановиќ.

Тој засега е несигурен за ефектот кој ќе произлезе од делувањето на РСС. Но смета дека концептот на проектот ќе може и после периодот од шест дена да се повторува.

Зошто името „Радио Слободно Скопје“, Јовановиќ вели нема логичен одговор а се наметнало природно иако работниот наслов на проектот бил „Ново Радио Луксембург“.

„Радио Слободно Скопје“ слушателите ќе имаат можност да проследат: паравести, разговори и предавања, радиодрами и музика.

Рамадан Рамадани ќе чита делови од своите прозни дела „Трошки“ и „Политички анализи“. Ќе биде емитуван разговорот со Анастас Вангели – „Вуна во Кина“, предавања на Владимир

Novatv Web
55.505 допаѓања
Допаднато

НАТО: Ако Атина с
НАТО рече дека е потребно
NOVATV.MK
40 4 Сподели
Novatv Web
1 час
Мал вовед кој го објави и
истражувањето за лобира
ДПМНЕ (следи утре) кое

Јанчевски и на Гоце Наумов, а тука се и оние во организација на Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје (Катерина Колозова, Светлана Слапшак, Артан Садику…).

Во етерот ќе се чуе и провокативната дискусија меѓу Никола Гелевски, Борис Буден, Љубомир Фрчковски и Жарко Трајановски во организација на „Контрапункт", разговор со режисерот Желимир Жилник и др.

Ќе биде емитувана и емисијата „Кој се плаши од… " со Александра Бубевска, посветена на табуизираните теми во нашето општество: луѓето со попреченост, геј-правата и феминистичките прашања. Ќе има и контактни емисии со наслов „Ало, извршителе!" и „Алоооооооооооооооооооооо!", а во музичкиот дел ќе може да се проследат концертите на „Поклон" и на „Супрематистички човек".

Планирано е и одново заживување на радиодрамата како израз и од таму на програмата ќе се најдат „Животинска фарма", „Голема работа", како и драми од архивата на Македонска радиодрама.

Посебно поглавје од проектот се и интервјуата со македонските писатели, па така зад микрофонот на „Радио Слободно Скопје" се очекуваат Румена Бужаровска, Владимир Мартиновски, Владимир Јанковски и други.

SHARE TWEET PIN SHARE

Претходна статија Следна статија

ИНФОРМАЦИИ

Адреса:
Илинденска 47-3 Скопје,
Контакт телефон:
+3892 3 100 105,

НАЈНОВИ ВЕСТИ

НАТО: Ако Атина се согласи да влезете со ПЈРМ, повелете во НАТО

КАТЕГОРИИ

Еврозум
FAKEBOOK
Колумна